**ДЕБАТА НА ТЕМА „САЈБЕР-ПРОСТОР И ЧОВЕКОВИ ПРАВА“ ВО КАЕН (ФРАНЦИЈА)**

Во организација на француски и балкански експерти, на 8 јуни 2011 година, во просториите на Регионалниот совет на Долна Нормандија, ќе се одржи семинар на тема „**Дигитални алатки – можност за зајакнување на човековите права или закана за истите?**“.

Учесниците ќе имаат можност да дознаат повеќе, но и да дискутираат за составниот дел на нашето секојдневие – интернетот. Според Уставниот совет, пристапот на интернет се смета за основно човеково право кое овозможува слободно изразување, мисли и идеи. Поттикнати од прашањето за тоа колку дигиталните алатки помагаат, односно одмагаат во секојдневието, експертите ќе ја анализираат својата работа, ќе учествуваат на тркалезни маси и ќе се обидат да го измерат влијанието на дигиталните алатки врз човековите права и демократските практики.

Овој настан е организиран од страна на: регионот Долна Нормандија, Интернационалниот институт за мир и човекови права (Каен, Франција), АЛДА и асоцијацијата Метаморфозис (Скопје, Македонија) во рамките на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија и мрежата Франција-Балкан.

За повеќе информации, ве молиме контактирајте со г-ѓа Билјана Зашова на biljana.zasova@aldaintranet.org.